Програма за заштита на компирот со употреба на хемиски средства со широк спектар

# Стручна заштита на компирот

Пишува
Димитар Стефков,
АПРЗ Скопје



Компирот е важна полјоделска култура која служи за исхрана на човекот и по важност, во светски размери, го зазема четвртото место по пченицата, пченката и оризот. Фармерите кои одгледуваат и произведуваат компир, заедно со агрономите, мора да се грижат стручно да произведуваат здраво и квалитетно производство. Компирот е одличен домаќин на најразновидни растителни болести и е чувствителен на вирози кои прават штета на квалитетот и на приносите. Површините на кои се одгледува компирот во Македонија варираат и секогаш се над 10.000 ха, а се одгледува на ридско-планински и на рамничарски терени. За да се оствари добар и квалитетен висок принос, компирот мора стручно да се штити од болести и штетници.

Од болестите, кај нас е застапена е пламеницата (Phytopthora infestans) и лисната дамкавост (Alternaria solani). Од штетниците, компирот страда од: компировата златица (Leptinotarsa decemlineata), како и од телени црви (Agriotes lineatus) или народно "жичнаци" и лисна вошка. За целосна заштита на компирот од пламеницата и од лисната дамкавост, на пазарот се нуди голем спектар на фунгициди: контактни и систематични од повеќе светски хемиски куќи. Кај нас може да се купат следните фунгициди: Ridomil gold, Kuprocin super, Mangozeb 80 VP, Bravo 500 EC, Ditam M-45, Akrobat MZ, Kvadris, Antrakol VP 70, Cineb S 65, Armetil, Redos, Agrozep 80 VP и друго.

Хемиски средства за борба против штетниците се:

1. За компирова златица: Mospilan, Volej, Tonus, Decis 100 EC, Fastak 10 SC, Talstart 10 EC и друго.

2. За совица и телени црви се земјишните инсектициди: Volaton, Galation G-5, Geocid, Basudin, Turbo Fos и Dijazol 600 EW.

3. За лисна вошка: Sistemin 40, Karate 2,5 EC, Pirimor, Metastoks, Konfidor, Aktara, Cess, Hromorel и друго.

